Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр.-Nr. 0402-47/4
26.02.2021 год.vitі
Скопје-Shkup

Врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.12 алинеа 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС и Предлог- Одлуката на Комисијата именувана за вработување на еден извршител - Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), со решение од вд. директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., во следниот состав: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител – технички директор во НУ МНТ -Скопје- член, Олга Јаневска- советник за маркетинг и односи со јавност-заменик член, Соња Николовска Затенко- главен благајник-заменик член и Перо Ралев- одговорен декоратер- заменик член Директорот на НУ Драмски театар Скопје, на ден 26.02.2021 г., ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител
по оглас бр. 1507489 од 04.01.2021 г.

1. За вработување на еден (1) извршител на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје, се избира прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев.
2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на чл. 77-е став 5 од Законот за култура и чл.12, став 3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС, под бр.0201-478/5 од 24.09.2018 г., Комисијата за вработување на еден извршител - Друг раководител ( Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), именувана со Решение од вд. Директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 година, во состав на: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- -претседател, Верка Вуковиќ- раководител на одделение за материјално-финансиско работење- член, Гунтер Кубе- друг раководител-технички директор во НУ МНТ –Скопје -член, Олга Јаневска- советник за маркетинг и односи со јавност- заменик член, Соња Николовска Затенко- главен благајник-заменик член и Перо Ралев - одговорен декоратер- заменик член, во ист ден (25.02.2021 г.- четврток ) ги спровела двете фази на постапката и тоа: административната селекција во 12h и интервјуто во 13h, со двајцата пријавени кандидати Павле Игновски и Горјан Донев, поради кратките законски рокови до завршувањето на јавниот оглас. Согласно Записникот под бр. 0402-47/2 од 25.02.2021 г., Комисијата донела Предлог- Одлука под бр.0402-47/3 од 26.02.2021 година, во која едногласно, од сите членови е констатирано дека кандидатот- 1 Павле

Игновски ги имал доставено сите документи наведени во Огласот, но дека документите за докажување на работно искуство во струката не биле правно- релевантни и валидни. Се работи за следното: кандидатот -1, имал доставено официјалнидокументи -М1/М2 образец и преглед на работен стаж од АВРСМ каде што стои дека има 4 години заведен работен стаж во струката на работно место управител/директор, што не претставува работна позиција (работно место согласно Законот за работните односи), туку е функција.

Други докази поткрепени со евидентиран стаж во Агенција за вработување на РСМ, кандидатот- 1 немал приложено, туку доставил Тековни состојби од Централен регистар на РСМ со кои докажува дека е сопственик- управител на формирано здружение/друштво и склучени авторски договори со повеќе правни субјекти. Според Комисијата, а согласно позитивните законски прописи единствено формално правни документи кои содржат податоци за докажување на работното искуство во струката се оние издадени од државните институции. Значи, работното искуство се докажува со издадени податоци - М1/М2 и М4 обрасци од Агенцијата за вработување на РСМ и Фондот на ПИОМ. Имено, сè што не е регулирано од областа на работните односи, во посебните закони: Закон за културата и Законот за вработените во јавниот сектор, се регулира со општите прописи за работни односи. Националната установа е должна да работи согласно позитивните законски прописи, а тоа се Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници и Законот за култура, каде што само во Законот за административни службеници постои прецизна дефиниција за работно искуство во струката истата гласи: „Работното искуство во струката е периодот евидентиран во агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование".

Комисијата констатирала дека, оваа постапка за вработување на давател на јавна услуга не подлежи на Законот за административни службеници, а се работи за истата работа, а тоа е вработување/ пополнување на работно место во национална установа, Комисијата го вреднувала работното искуство согласно наведената дефиниција и општите прописи за работни односи.

Од горенаведените причини, Комисијата утврдила дека, кандидатот-1 не го исполнува условот од огласот, за остварени минимум 5 години работно искуство во струката.

По направената административна селекција на документите со истиот кандидат-1 Комисијата продолжила во следната фаза на постапката, а тоа е интервјуто во случај кандидатот да приложи објаснување или пак дополнителен документ за неговото работно искуство во струката.

Кандидатот -1 потврдил дека нема документи како валидни докази со кои би го докажал неговото работно искуство во струката, и одговорил на прашањата кои му ги поставила Комисијата.

Потоа, Комисијата, ги разгледала сите доставени документи од кандидатот-2 Горјан Донев- дипломиран продуцент, и констатирала дека истите се валидни и веродостојни и со нив кандидатот-2 ги исполнува сите барани услови кои се наведени во огласот. Претседателот на комисијата Сања Базерко и останатите членови на Комисијата му поставиле прашања на кандидатот 2 кои се наведени во Записникот 0402-47/2 од 25.02.2021 г., Кандидатот- 2, тој ги одговорил прашањата и со тоа го потврдил своето долгогодишно искуство во неговата струка, поткрепено со приложени валидни докази од надлежните институции.

Од сите горенаведени валоризирани документи и одговорени прашања од страна на двајцата кандидати по огласот Павле Игневски и Горјан Донев, а тргнувајќи од позитивните законски норми и правни акти на Установата, Комисијата едногласно го дала своето мислење

дека кандидатот-1 Павле Игновски не ги исполнува сите услови наведени во Огласот, односно не го исполнува условот за докажување на своето работно искуство во струката од минимум 5 години со валиден документ издаден од надлежна институција.

Според мислењето на сите членови на Комисијата, и според сите доставени веродостојни документи и одговорени прашања, како прворангиран го предлага кандидатот-2, Горјан Донев, за негово вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје.

Од сето горенаведено, а врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.12 алинеа 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС под бр.0201-478/5 од 24.09.2018 г., Записникот под бр. 0402-47/2 од 25.02.2021 г., и Предлог Одлуката под бр. 0402-47/3 од 26.02.2021 г., се донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од осум дена со денот на приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ДТС.

НУ Драмски театар Скопје

В.д Директор,

Катарина Коцевска Хаџи Василева

26.02.2021 г., Скопје

Доставено до:
Архива и
Кандидатите.